РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1294/5
17-06-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1294/1 од 02.04.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот слуачј.

Предметот со број 12-1294 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1294/1 од 02.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, од страна на службени лица во /// - чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Како што е наведено во пријавата, против подносителот, во својство на административен службеник, вработен во ///, за време на изборниот процес парламентарни и претседателски избори 2024 година, била покрената дисциплинска постапка со наводи за сторен дисциплински престап, која била од таква природа дека можела да биде окончана со престанок на работниот однос. Од страна на дисциплинската комисија било донесено решение за прекин на постапката поради забраните во чл. 8-а ст. 1 ал. 3 од Изборниот законик (“Службен весник на РМ” бр. 40/06 ... 27/19 и “Службен весник на РСМ” бр. 98/19 ... 58/24). Од ДКСК се

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

Предметот со број 12-1352/1 од 09.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од истиот подносител во која се наведени исти наводи како и горе означениот предмет.

Заради целисходно испитување на наводите, ДКСК двата горе означени предмети ги спои во еден и постапката ја водеше под единствен основен број 12-1294/1 од 02.04.2024 година.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од /// и врз основа на добиените докази оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување. Дисциплинската комисија донела Решение бр. /// од /// година, со кое дисциплинската постапка се прекинува поради забраните во чл. 8-а ст. 1 ал. 3 од Изборниот законик. Дисциплинската постапка ќе продолжи по завршувањето на изборниот процес парламентарни и претседателски избори 2024 година. За ова дејствие на дисциплинската комисија, составен е Записник бр. /// од /// година. Следствено, ДКСК оцени дека нема прекршување на одредбите од чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, без да навлегува во суштината на правната работа. Конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување, заради што ДКСК одлучи постапката за овој предмет да ја запре.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk